Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

20 Февруари. 2019

АРХИВСКИ БРОЈ: 41 - 68/721

Врз основа на решението на Претседателот на Собранието бр.09-1071/2 од 08.02.2019 година за распишување на избор на Претседател на Република Македонија и решението на Претседателот на Собранието бр.09-1072/2 од 08.02.2019 година за распишување на предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, општина Ново Село и општина Дебар, Комисијата за доделување на земјоделско земјиште по Јавен повик бр. 01/18 го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

СЕ ПРЕКИНУВА постапката за Јавниот повик 01/18 објавен на ден 12.12.2018 година. Прекинот на постапката за доделување на земјоделско земјиште во државна сопственост по пат на Јавен повик ќе трае до конечноста на резултатите од Претседателските и предвремените локални избори 2019 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 25-б став 1 и став 2 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16) и Одлука бр. 17 - 10326/8 од 29.11.2018 година, Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, распишува Јавен Повик бр. 01/18 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари за сите катастарски општини во регионите Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Кратово, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Свети Николе, Струга, Струмица, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Тетово, Штип, Карпош, Кисела Вода, Гази Баба и Чаир.

Јавниот повик бр.01/18 е објавен на ден 12.12.2018 година. Понудите со поднесува во рок од 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик во дневните весници, односно до 11.01.2019 година, додека рокот за нивно одлучување е 25.03.2019 година.

Собранието на Република Северна Македонија на ден 09.02.2019 година до Државната Изборна комисија има доставено дописи согласно членот 12 став (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16. 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) со кој во прилог го има доставено и Решението за распишување


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015